# ЈАВЕН ПОВИК

# ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ЕКСПЕРТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ ЗА РОДОВИ СТЕРЕОТИПИ ЗА УЧЕСТВО НА МЛАДИ ЖЕНИ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ ВО НЕРАЗВИЕНИТЕ ДЕЛОВИ ВО СКОПСКИОТ И ПОЛОШКИОТ РЕГИОН

# ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРОЕКТОТ

# „МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ЗА СИЛЕН И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА”

Мај 2021, Тетово

**За потребите од спроведување на проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата“, финансиран од Европската Унија, се објавува јавен повик за ангажирање на експерти за подготовка на Студија на случај за родови стереотипи за учество на млади жени во процесите на донесување на одлуки во неразвиените делови во Скопскиот и Полошкиот регион**

## 1. ОПИС И ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ

Проектот ”Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата” има за цел да придонесе кон независно и одржливо граѓанско општество поддржано од погодна средина која поттикнува партиципативни и родово-сензитивни процеси на креирање младински политики.

Проектот се спроведува од страна на Коалиција на младински организации СЕГА (СЕГА) како водечки партнер, во партнерство со Женски Форум Тетово (ЖФ Тетово), СОС Детско Село Северна Македонија (СОС ДС) и Волонтерски Центар Скопје (ВЦС).

Проектот има за цел да го подобри квалитетот на имплементацијата на младинската политика заснована на структурна соработка и суштинско учество на вмреженото граѓанско општество. За да се постигне целта, проектот:

- Ќе ги зајакне капацитетите на граѓанските организации за независно и ефективно влијание врз донесувачите на одлуки поврзани со младински прашања врз основа на докази и преку локално вмрежување
- Ќе ги подобри граѓанските компетенции на младите мажи и жени за суштинско учество во секојдневниот живот на демократската заедница користејќи иновативни модели преку родово сензитивни и мировни пристапи
- Ќе ги оспособи јавните институции да развиваат и спроведуваат информирани и квалитетни јавни политики поврзани со младите засновани на еднакви можности преку одржливо партнерство со локалното граѓанско општество.

## 2. ЦЕЛ НА ПОВИКОТ

За остварување на поставените цели, меѓу другото, со проектот ќе бидат ангажирани 2 (два) експерти кои ќе спроведат Студија на случај за родови стереотипи за учество на млади жени во процесите на донесување на одлуки во Скопскиот и Полошкиот регион, со фокус на неразвиените делови во овие региони.

Главната цел на Студијата на случај за родови стереотипи за учество на млади жени во процесите на донесување на одлуки во неразвиените делови во Скопскиот и Полошкиот регион е да се изврши анализа на релевантна документација и да се утврди моменталната состојба со учеството на младите жени од неразвиените делови на Скопскиот и Полошкиот регион во процесите на донесување одлуки.
Студијата на случај од секој регион ќе се користи како ресурс за конкретно адаптирање на проектните интервенции како и за мерење на напредокот на проектот.

## 3. ОПИС НА РАБОТНИ ЗАДАЧИ

Ангажираните експерти ќе бидат одговорни за следните задачи:

Развој на методологија за Студија на случај која опфаќа:
- Листа на документација за деск анализа
- Развивање на прашалник за интервјуа како и листа за интервју

Деск анализа на документација и анализа на податоци од спроведени анкети:
Ангажираниот експерт/ка ќе изврши анализа на постоечките формални и неформални механизми и практики на младинско учество (со посебен осврт на учеството на младите жени од руралните средини) во процесот на креирање на политики на локално ниво во двата региони.

Интервјуа
Ангажираниот експерт ќе спроведе интервјуа со донесувачи на одлуки, претставници на граѓански организации, локални институции и млади жени кои живеат во рурални средини. Во секој регион треба да се спроведат најмалку 8 (осум) интервјуа, од кои најмалку 4 интервјуа со млади жени од рурални средини.

Подготовка на Извештај од Студија на случај:
Извештајот од Студија на случај ќе содржи сумарни наоди од извршената анализа на документација и квалитативни наоди од спроведените интервјуа, како и препораки за идно делување со фокус на неразвиените региони.

## 4. ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА ЕКСПЕРТ/КА

- Завршени додипломски студии во полето на општествени науки или сродни области (експертите/ките со завршени постдипломски и/или докторски студии ќе имаат предност);
- Најмалку 5 години искуство во истражувања и анализи со фокус на родови прашања и млади
- Најмалку 5 години искуство на експертот во квалитативни анализи (со најмалку 2 спроведени истражувачки проекти);
- Напредни истражувачки и аналитички способности;
- Експертиза од областа на род, родови односи и партиципативна демократија;
- Познавање на политиките за родова еднаквост во Р. С. Македонија;
- Познавање на политиките за младинско учество во Р. С. Македонија;
- Најмалку 2 референци за истражувачки продукти;
- Познавање на локалната заедница и локалниот контекст;
- Познавањето на албански јазик е задолжително за експертот одговорен за Полошкиот регион;

## 5. ВРЕМЕНСКА РАМКА и НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

За овој повик ќе се ангажираат 2 (два) експерти, од кои едниот ќе биде одговорен за Полошкиот регион а другиот експерт за Скопски регион. Секој експерт кој ќе биде ангажиран ќе треба да ги спроведе работните задачи во период од **6 работни дена** во текот на месец мај - јуни 2021 година.

За секој работен ден предвиден е надоместок од **150 евра во бруто износ** кои ќе бидат исплатени во денарска противредност по комплетирање на задачите (по комплетиран и одобрен продукт, доставена временска табела и Изјава за извршена работа).

## 6. ПОСТАПКА И ПРАВИЛА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, РОК И ИЗБОР

Секој што ги исполнува потребните квалификации може да се пријави на овој повик со поднесување на професионална биографија (CV) и писмо на интерес на следнава е-маил адреса: info@forumi.org.mk, со назнака:

- ,,Пријава на јавен повик за експертски услуги за Студија на случај (наведете регион за кој аплицирате)"

Во прилог на документацијата апликантите потребно е да достават и:

1. Најмалку 2 референци за истражувачки продукти
2. Примерок/активен линк од документите наведени во точка 4 од овој повик во чија изработка учествувал/а
3. Предлог рурални средини каде би се спроведувале интервјуа

Пристигнатите апликации ќе бидат евалуирани од страна на стручна комисија основана од Здружение Женски Форум Тетово, Волонтерски Центар Скопје и Коалицијата на младински организации СЕГА.

**Краен рок за доставување на апликациите е 20 мај 2021 година, најдоцна до 16:00 часот.**

Апликациите кои ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се доставени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид.

Апликантите ќе бидат информирани за исходот од постапката на пријавување на кандидатите.

За подетални информации може да не контактирате на е-маил адресата: info@forumi.org.mk, најдоцна до 18 мај 2021 година.